# ТАБАК осигурување а.д Скопје

# УСЛОВИ И ТАРИФИ

ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПЛОВНИ ОБЈЕКТИ ВО ВНАТРЕШНИ ВОДИ

СКОПЈЕ ДЕКЕМВРИ 1994 ГОДИНА

Овие Услови ~~и тарифи на премии~~ ги прифати основачкото собрание на а. д. за осигурување ТАБАК - Скопје на седницата одржана на 24.12.1993 година, а се применуваат од 01.01.1994 година.

Овие Услови ~~и тарифи на премии~~ ги прифати основачкото собрание на а. д. за осигурување ТАБАК - Скопје на седницата одржана на 24.12.1993 година, а се применуваат од 01.01.1994 година.

# У С Л О В И

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПЛОВНИ ОБЈЕКТИ НА ЕЗЕРА И РЕКИ (ВНАТРЕШНИ ВОДИ)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) По овие услови се осигуруваат пловни објекти на езера и реки (внатрешни води).

(2) По овие услови се осигурува и одговорноста на сопственикот - корисникот на пловниот објект од чување и употреба на тие

## 2. ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Осигурени ризици**

Член 2

(1) Осигурувачот се обврзува на осигуреникот да му надомести штета која ќе настане додека пловниот објект се наоѓа на вода поради потполна загуба или конструктивна потполна загуба на пловниот објект до која ќе дојде поради судар, удар во обала, мост или друг предмет, насукување, пожар, виша сила или исчезнување на пловниот објект.

(2) Осигурувачот се обврзува на осигуреникот да му ги надомести и разумно направените трошоци за спасување на пловниот објект, ако дојде до остварување на некој ризик од претходниот став.

(3) Обврската на осигурувачот според одредбите од ст. (1) и (2) на овој член не може да го мине износот на осигурената вредност на пловниот објект, доколку поинаку не е договорено.

(4) Под судар, во смисла на ст. (1) од овој член, се смета судар на осигурениот пловен објект со друг пловен објект, или друг предмет што плива.

Член 3

(1) Ако посебно се договори осигурувачот на осигуреникот надоместокот за штета која ќе се оствари поради опасностите од член 2 на овие услови, ќе му надомести и штета што ќе настане на:

1. делумно оштетување на трупот, машината, котлите, опремата или инвентарот или други делови на осигурениот пловен објект поради остварување на опасности наведени во чл. 2, ст. (1) од овие услови;

2. потполна загуба на осигурениот пловен објект или делумно оштетување на трупот, машината, котлите, другите делови на осигуреникот пловен објект, опрема или инвентар, до кое ќе дојде поради мраз во зимувалиштето, или на пат за зимувалиштето, ако пловниот објект бил на време упатен во најблиското зимувалиште:

3. оштетување на трупот поради стружење во езерско-речно корито на обележниот пловен пат, или вон обележниот пловен пат, ако свртувањето е направено поради виша сила или наутичка грешка на капетанот;

4. загуба или оштетување на пловниот објект кое ќе настане поради остварување на ризици наведени во чл. 2, ст. (1), точка 1. од овие Услови при спасување или давање на помош на друг пловен објект или на лица;

5. поголема штета која ќе се оствари на трупот, машините, котлите, уредите, опремата или инвентарот на осигурениот објект при редовна употреба.

(2) Ако потонатиот пловен објект по наредба на органите на власта треба да се вади, осигурувачот на осигуреникот ќе му ги надомести трошоците за вадење само под услов ако тоа е посебно договорено.

(3) Во случаите од претходниот став, осигурувачот ќе ги надомести трошоците за вадење по одбивање на вредноста на остатокот од пловниот објект.

**Осигурување од одговорноста**

Член 4

(1) Осигурувачот се обврзува се обврзува на осигуреникот да му го надомести износот што тој го платил или треба да го плати поради судир или удир во друг пловен објект или предмет, поради одговорност на осигурениот пловен објект.

(2) Обврската на осигурувачот според одредбите од ставот 1 не можат да бидат поголеми од договорениот износ.

(3) Осигурувачот не е во обврска на осигуреникот да му го надомести износот кој го платил или е должен да го плати за штета која му припаѓа на осигуреникот додека го влечел осигурениковиот пловен објект - награда за спасување.

## Иземени ризици

Член 5

(1) Осигурувачот не е во обврска на осигуреникот да му надомести штета која на осигурениот објект ќе настане поради:

1. војна и на војна слични настани, побуна, кражба, штрајк,граѓански немири и слични настани, торпеда, мини, бомбардирање, конфискување, блокада, одземање, запленување или било каква постапка на влада на пријателска или непријателска држава, правно или фактички, признати или непризнати, како и на нивните органи,

2. кога пловниот објект не е способен за пловидба или недоволно е снабден со посада или е без потребни документи,

3. истрошеност на материјалот на коритото, машините или приборот поради старост или употреба, како и дотраеност, трулење или црвојадност,

4. влез или излез во пристаниште кое поради мраз е затворено или поради натрупување на мраз во пристаништето;

5. Товарење на пловниот објект предмети кои со прописите се сметаат експлозивни, самозапаливи или запаливи, или нагризливи како: динамит, барут, прскав памук, негасена вар, и др.

(2) Осигурувачот не ги надоместува штетите на осигуреникот и тоа:

1. штета која тој ја предизвикал на осигурениот пловен објект намерно или со голема небрежност;

2. штета, која посадата ќе ја направи на осигурениот пловен објект во договор со осигуреникот или со негово упатство;

3. штета која осигуреникот ќе ја претрпи само посредно (загуба на заработувачка, денгуба, неисполнување на договор за превоз и сл.);

4. трошоци во врска со зимата и зимувањето без оглед на причините за настанување на тие трошоци.

(3) Под неспособност на бродот за пловидба, во смисла на ст. (1), точка 2 од овој член се смета и погрешното товарење на пловниот објект и товарење на пловниот објект преку дозволена максимална носивост.

(4) Во случаите од ст. (1), точка 5. на овој член, ако бродарот се придржува кон прописите кои се однесуваат за превоз на тие предмети, осигурувачот на осигуреникот ќе му ја надомести штетата од некои ризици од чл. 2 на овие услови.

### Траење на осигурувањето

Член 6

(1) Осигурувањето на време почнува во 00,00 часот оној ден кој во договорот за осигурување е утврден за почеток на осигурувањето и трае до 24,00 часот на оној ден кој во договорот е одреден за престанување на осигурувањето, ако поинаку не е договорено.

(2) Ако на денот на истекот на договорот за осигурување пловниот објект се наоѓа на пат договорот за осигурување може да се продолжи, со доплаток на премија за осигурување во висина што ќе ја одреди осигурувачот, до завршување на патувањето, ако осигуреникот тоа го побара пред истек на договорот за осигурување.

Член 7

(1) Осигурувањето за секое патување започнува од моментот на товарење на пловниот објект, односно од моментот на поаѓање на пловниот објект од местото определено во договорот за осигурување, ако пловниот објект не се товари и трае до завршување на истоварот во определеното место - но најдолго до 14-от ден по пристигнување на пловниот објект во определеното место, односно до 24,00 часот на оној ден кога пловниот објект пристигнал во определеното место, доколку нема товар за истовар.

(2) Договорот за осигурување на пооделни патувања со плаќање на додатна премија може да се продолжи по барање на осигуреникот.

### Осигурана вредност

Член 8

(1) Пловниот објект се осигурува на вистинската вредност во време на склучување на договорот за осигурување.

(2) Под вистинска вредност се подразбира пазарната вредност на пловниот објект.

(3) Ако осигурената вредност во договорот за осигурување е утврдена (договорена) тогаш таа вредност се смета за вистинска вредност на осигурениот пловен објект.

### 3. Премија на осигурување

Член 9

(1) Осигуреникот се обврзува на осигурувачот да му плати премија за осигурување на начин и во рок кој во договорот за осигурување е утврден.

(2) Премијата за осигурување наместо осигуреникот, може да ја плати секое друго лице кое има имотно правен интерес, договорот за осигурување да остане во сила.

Член 10

Ако осигуреникот не ја плати премијата за осигурување во договорениот рок, осигурувачот може да го одбие, да не ја надомести штетата на пловниот објект.

Член 11

(1) Доколку осигурениот пловен објект за време траењето на осигурувањето потполно пропадне, осигурувачот има право да ја наплати договорената премија за осигурување.

(2) Ако осигурувањето е договорено на време пократко од една година, а дојде до потполна загуба на осигурениот пловен објект, поради остварување на осигурен случај, осигурувачот има право да пресмета и наплати разлика на премија помеѓу платената премија за осигурување и премијата која осигуреникот би ја платил, како било договорено осигурување на една година дена.

Член 12

(1) Основ за враќање на премија за осигурување, односно за намалување на премијата за осигурување се утврдува во договорот за осигурување, спрема тарифата за осигурување.

(2) За времето додека пловниот објект лежи во пристаништето, друго место или зимувалиште, осигуреникот нема право на враќање или намалување на премијата за осигурување.

### 4. Утврдување и исплата на штета

Член 13

(1) Осигурувачот и осигуреникот спогодбено ја утврдуваат штетата.

(2) Осигуреникот е должен пред утврдување на штетата во смисла на претходниот став да состави записник за штета веднаш по настанот во кој ќе ја утврди причината, обемот и по можност висината на штетата.

(3) Осигуреникот е должен на осигурувачот да му ги даде сите докази со кои се утврдува основот и висината за надоместок на штетата.

Член 14

(1) Осигуреникот е должен без одлагање да почне со поправка на пловниот објект.

(2) За избор на изведувачот на работите за поправката осигуреникот треба да побара согласност од осигурувачот.

(3) Во случај осигуреникот да пропушти да побара согласност од осигурувачот за изборот на изведувачот на поправката, осигурувачот има право трошоците за поправка да ги признае само до износот на цената на најефтиниот изведувач на работата.

(4) Ако цената на поправките однапред се утврдени со спогодба, осигурувачот ги прифатил тие цени, нема право да ја оспорува висината на трошоците за поправката.

Член 15

(1) Ако се одложува поправката или ако поправката треба да се изврши во странство, осигурувачот и осигуреникот во смисла на чл. 13, ст (1) на овие Услови, ја утврдуваат висината на штетата.

(2) Ако осигуреникот не пристапи кон поправката на пловниот објект од комерцијални причини, висината на штета, која осигурувачот ќе ја надомести се утврдува спрема времето на настанување на штетата.

Член 16

(1) Осигурувачот го плаќа износот на штетата кој ќе ја мине договорената, одбитна франшиза.

(2) Ако осигурената вредност на осигурениот пловен објект ја минува неговата вистинска вредност, осигурувачот ќе исплати надомест на штета само до вистинскиот износ на штетата.

(3) Ако осигурената вредност е пониска од вистинската вредност на осигурениот пловен објект, осигурувањето ќе го надомести само оној дел на штетата кој ќе одговара на односот помеѓу осигураната и вистинската вредност на пловниот објект на денот на штетата.

(4) Ако настанала потполна загуба или конструктивна потполна загуба на пловниот објект, осигурувачот од штетата ќе ја одбие вредноста на остатокот, ако таков постои.

Член 17

(1) Осигурувачот се обврзува на осигуреникот штетата да му ја плати во рок од 15 дена од денот на приемот на сите докази за причината и висина на штетата.

(2) Со исплата на штетата на осигурувачот минуваат сите права кои осигуреникот ги имал спрема лицата одговорни за штетата до износот на исплатената штета.

(3) Осигуреникот е должен да ги превземе сите мерки за остварување правото на регресот на осигурувачот.

(4) Ако осигуреникот пропушти да ги преземе мерките од претходниот став, осигурувачот може да го одбие осигуреникот од надоместок на штета.

**5. Останати одредби**

Член 18

(1) Осигуреникот е должен при склучување на договор за осигурување да ги пријави сите познати околности кои можат да влијаат на оцена на ризикот.

(2) Осигуреникот не смее без согласност на осигурувачот да го зголеми ризикот на осигурениот пловен објект.

(3) Ако осигуреникот постапи спротивно на одредбите од претходниот став, договорот за осигурување престанува да важи од денот на извршените промени, а осигуреникот ќе нема право на поврат на премијата за осигурување.

Член 19

(1) Осигуреникот е должен секоја хаварија веднаш да ја пријави на осигурувачот да ги преземе сите мерки за намалување на штетата.

(2) Ако осигуреникот пропушти да постапи по одредбите од претходниот став, осигурувачот може да одбие да го надомести оној дел на штета кој произлегол од такво пропуштање.

Член 20

Потполна загуба во смисла на чл. 1, ст. (1) на овие Услови, настанала ако осигурениот пловен објект потоне без надеж, да може да се извади или спаси или ако е оштетувањето толку големо да не може и не е економски оправдана поправката или вадењето од вода.

Член 21

(1) Ако осигурениот пловен објект, опрема или инвентар од пловниот објект се пронајде и ако нема оштетување, осигуреникот е должен да го преземе пловниот објект, опремата и инвентарот, и на осигурувачот да и го врати износот кој му е исплатен на име надоместок за штета. Ако бил оштетен враќањето ќе го направи по извршената поправка на оштетените ствари, ако поправката е можна, зашто спогодбено одлучуваат осигуреникот и осигурувачот.

Член 22

(1) Договорот за осигурување престанува да важи на начин одреден со прописите,

(2) Отказен рок за престанок на договорот изнесува еден месец и се поднесува писмено.

Член 23

Во случај на спор надлежен е судот во седиштето на осигурувачот.